Јас (име презиме) ________________________________ водејќи се од интересите на граѓаните, како и професионалните, етичките и моралните стандарди кои се императив во добивањето доверба за извршување на функцијата во партискиот и јавниот живот, почитувајќи ги принципите, вредностите и програмската платформа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, ја давам следнава:

# И З Ј А В А

## За прифаќање и почитување на Кодексот за однесување на членовите и фукционерите на СДСМ

Под сета морална, политичка и законска одговорност, ИЗЈАВУВАМ дека ГО ПРИФАЌАМ и СЕ ОБВРЗУВАМ целосно да го почитувам КОДЕКСОТ за однесување на членовите и фукционерите на СДСМ (усвоен на 18.07.2019 година), неговите начела, принципи и етички вредности.

Својата функција ќе ја извршувам согласно Уставот и законите на Република Северна Македонија, раководејќи се исклучиво од интересите на државата и сите нејзини граѓани.

Во своето работење ќе се раководам од принципите на совесност, чесност, искреност, толеранција и солидарност и ќе се борам и спротиставувам на сите облици на полова, родова, расна, етничка, верска, политичка, културна или било каква друга дискриминација, почитувајќи ги различностите и правата на другите.

Почитувајќи го историското и културно наследство на нашите предци, бескопромисно и постојано со високо изразен патриотизам, ќе го штитам и унапредувам угледот на татковината, дома и во странство.

Изјавувам дека ќе дејствувам согласно Статутот и програмските определби на СДСМ, водејќи се од основните вредности на социјалдемократијата и дека кон граѓаните и кон своите партиски другарки и другари ќе се однесувам со достојна почит, толеранција, солидарност и взаемна помош и подршка.

Ја прифаќам обврската за сопствено професинално и политичко едуцирање.

Во своето политичко делување нема да се служам со навреди, клевети, со користење на насилство и закани, нема да употребувам говор на омраза, да давам лажни податоци и ветувања.

Во вршењето на својата функција, нема да ја злоупотребувам својата положба во партијата за да остварам лична корист, корист за своето семејство, или за било кое друго лице. Ќе работам транспарентно и одговорно и преку

својот личен пример ќе давам континуиран придонес во борбата против сите облици на незаконито работење на сите нивоа.

Пред и по стапувањето на јавна функција се обврзувам да ја ставам на увид на јавноста својата имотна состојба, согласно законот.

Во извршувањето на општествената функцијата, ќе бидам, отворен, непосреден и достапен, објективно и навремено ќе ја информирам јавност за одлуките и постапките поврзани со извршувањето на својата функција и ќе се залагам во целост да ја оправдам дадената доверба од граѓаните.

Дата ______________

Изјавил
Име, презиме, краток потпис

____________________________